ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Водовод БИТОЛА

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о. бр. 04-1356 18.12.2024 год. БИТОЛА

Датум:

Врз основа на чл. 22 и 23 од Законот за РО на РМ -пречистен текст (Сл. весн.на РМ бр. 167/2015), Закон за јавни претпријатија (Сл. весн.на РМ бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14,25/15,61/15,39/16,64/18 и 35/19) и Закон за вработените во јавен сектор член 20-г (Сл.весн.на РМ бр.27/14,199/14,27/16,3/18,198/18 , 143/19 и 14/20) ЈКП„Водовод"-Битола согласно потребата од вработување на 5 (пет) извршители на неопределено време ЈКП „Водовод"-Битола објавува :

ЈАВЕН ОГЛАС бр.04/2024

За прием на 5 (пет) извршители на неопределено време

Се распишува јавен оглас за засновање работен однос на неопределено време за следните работни места :

1.Општ работник-второ ниво КДР 03 05 В02 031-3(три) извршители со основно образование, со/без работно искуство.

2. Инженер во одделение за ГИС и проектирање-КДР 03 05 Б01 118 –еден (1) извршител со најмалку 180 кредити според ЕКТС или VI Б степен Машинство, градежништво и водостопанство и 3 (три) години работно искуство во струката,

3..Инженер во одделение за водоснабдителни објекти КДР 03 05 Б01 116 –еден (1) извршител со најмалку 180 кредити според ЕКТС или VI Б степен Машинство, градежништво и водостопанство и 3 (три) години работно искуство во струката,

- За работното место под реден број 1 (еден) Општ работник-второ ниво КДР 03 05 В02 031 дневното работно време од понеделник до петок ќе трае од 7:30 до 15:30 часот. Основна нето плата изнесува 25.861,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.
- За работното место под реден број 2 (два) Инженер во одделение за ГИС и проектирање-КДР 03 05 Б01 118 (еден) 1 извршител со најмалку 180 кредити според ЕКТС или VI Б степен – Машинство, градежништво и водостопанство и три години работно искуство во струката, дневното работно време од понеделник до петок ќе трае од 7:30 до 15:30 часот. Основна нето плата изнесува 35.937,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.
- За работното место под реден број 3 (три) Инженер во одделение за водоснабдителни објекти КДР 03 05 Б01 116 (еден) 1 извршител со најмалку 180 кредити според ЕКТС или VI Б степен – Машинство, градежништво и водостопанство и три години работно искуство во струката, дневното работно време од понеделник до петок ќе трае од 7:30 до 15:30 часот. Основна нето плата изнесува 35.937,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **општи услови:**

- Да е државјанин на РМ
- Активно да го користи македонскиот јазик

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

водовод БИТОЛА

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" д.о. Бр. 04-1356 18.12 2024 год. БИТОЛА

Датум:

- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **посебни услови**:

- Да има соодветни стручни квалификации за работното место
- Да има соодветно работно искуство потребно за работното време
- Да поседува посебни работни компетенции потребни за работното место

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар, не постари од 6 (шест) месеци од денот на издавањето:

- Уверение за државјанство
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара
- Пополнета пријава објавена на веб страната на ЈКП „Водовод"-Битола

Јавниот оглас трае 15(петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.

Пријавените кандидати на јавниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за селекција:

Фаза 1 - Административна селекција - Проверка на внесените податоци во пријавата со условите предвидени во огласот и проверка на приложените докази и

Фаза 2 - Интервју.

Пријавите ќе бидат достапни на веб-страната на ЈКП„Водовод"-Битола http://www.vodovodbt.mk а ќе можат и да се подигнат од архивата на ЈКП „Водовод"-Битола секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Пријавите со потребната документација,кандидатите се должни да ги достават на писмено до Архивата на ЈКП "Водовод " Битола на Ул.„16-та" бр. 4Г, со назнака „За оглас бр.04/2024".

Битола
19.12.2024

ЈКП „Водовод" - Битола
В.Д.Директор
Андреј Гинов

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" Битола 1